Врз основа на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на општина Битола бр. 09-116/05 од од 14.11.2016 година и член 4 од Одлуката за поставување урбана опрема – рекламни паноа- билборди на подрачјето на општина Битола бр.09-116/9 од 06.11.2025 година („Службен гласник на општина Битола“ бр. 15/2025 ), а во согласност со Одлуката за утврдување на почетна цена за давање во закуп на микролокации предвидени за поставување на урбана опрема рекламно информативни паноа-билборди бр.09-116/10 од 06.11.2025 година („Сл.гласник на Општина Битола" бр. 15/2025), донесени од Советот на Општина Битола, Градоначалникот на општина Битола објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.01/2026**
**за добивање право за поставување**
**на рекламни паноа- билборди**

## 1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ОГЛАС

Предмет на овој оглас е добивање право за поставување на рекламни паноа – билборди на подрачјето на општина Битола, по пат на јавно електронско наддавање (во понатамошниот текст-билборди).

Локациите и бројот на билбордите се утврдени во Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на општина Битола бр. 09-116/05 од од 14.11.2016 година.

Рекламната површина на едностраните билборди изнесува 12 м2, а за двострани билборди изнесува 24 м2.

Предметот на јавниот оглас претставуваат посебните групи на локации за поставување билборди за кои се склучуваат одделни договори, врз основа на кои се издаваат одобренија за поставување.

## 2. ОПШТ ОПИС И МЕСТОПОЛОЖБА НА ЛОКАЦИИТЕ:

Локациите за поставување на **билбордите** се наоѓаат на територијата на општина Битола и тоа:

| ред број | улица и број | Број на билборд |
|---|---|---|
| 1. | Ул.“ 8-ми Септември“ | 1, 2, 3, 8, 10, 14 |
| 2. | Ул. „Филип втори Македонски“ | 27, 24, 25 |
| 3. | Ул. „Прилепска“ | 16, 19, 20, 22 |
| 4. | Бул.„1-ви Мај” | 99, 97, 85 |
| 5. | Ул. „Довлеџик “ | 84, 81, 80, 79, 77, 76 |
| 6. | Брусничка населба | 70, 71, 72, 73 |
| 7.. | Ул. „Генерал Васко Карангелевски“ | 87, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 65 |
| 8. | Ул.“Партизанска“ | 64, 62, 61, 58, 51, 50, 49, 45, 46, 44, 34 |
| 9. | Ул.”Македонска фаланга” | 35, 36, 38, 41, 42 |
| 10. | Ул.“ Крушевска Република“ | 47, 48 |
| 11. | Индустриски пат | 31, 29, 01, 02, 03, 04, 05, 06 |

**Деталната местоположба на микролокациите може да се види од графичкиот прилог кон овој Јавен повик.**

**Поради слабата видливост на втората страна, билбордите со бр.10, 84, 77, 71, 61, 14, 20, 99, 81, 16, 87, 8, 85, 58 и 38 е предвидено да имаат еднострана рекламна површина од 12 м2, односно ќе се сметаат за еднострани билборди.**

## 3. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ОГЛАС:

Право на учество на јавниот оглас имаат домашни и странски правни лица, кои ги исполнуваат условите утврдени со јавниот оглас.
Јавниот оглас трае до 18.02.2026 година (среда) најдоцна до 12:00 часот.

Секој понудувач може да учествува на јавниот оглас со давање понуда за една или за повеќе група на локации кои се предмет на јавниот оглас.
Јавниот оглас се смета за успешен и во случај да се избере најповолен понудувач само за одредена група на локации.

## 4. РОК И ПОЧЕТНА ЦЕНА ЗА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Правото за поставување на билбордите се определува за период од 2 (две) години, сметајќи од денот на склучувањето на договорот.
Општина Битола го задржува правото за предвремено еднострано раскинување на договорот за поставување на билборди, заради потребите на општина Битола.
Понудената цена за добивање право за поставување на билбордите од страна на понудувачот треба да биде изразена во денари и се однесува за временски период од 1 година.
Минималниот износ со кој може да се лицитира за секоја група на локации од моментот на највисоката понуда изнесува 1.000,оо денари.
**Секој понудувач на електронското јавно наддавање за одредена група на локации мора да направи барем еден чекор на наддавање за истото да се смета за успешно.**

**На јавното наддавање ќе се издаваат следниве групи на билборди:**

| Група | Број на билборд | Почетна цена за групата |
|---|---|---|
| I | 1, **10,** 19, 24, **84, 77, 71,** 92, 93, **61,** 49, 34, 48, 31, 03 | 650.000,оо денари |
| II | 2, **14, 20, 99,** 79, **81**, 70, 91, 65, 62, 45, 35, 47, 29, 04 | 670.000,оо денари |
| III | 3, **16**, 22, 97, 76, 73, **87**, 90, 64, 51, 46, 36, 41, 01, 05 | 710.000,оо денари |
| IV | **8,** 27, 25, **85,** 80, 72, 89, 94, **58**, 50, 44, **38**, 42, 02, 06 | 670.000,оо денари |

***Едностраните билборди се означени со затемнети броеви.***

**Вкупната почетна цена на соодветната група на билборди претставува збир од почетната цена на сите билборди кои спаѓаат во истата, вклучувајќи ги двостраните билборди со почетна цена од 50.000,оо денари и едностраните билборди со почетна цена од 30.000,оо денари, определени согласно со Одлуката за утврдување на почетна цена за давање во закуп**

**на микролокации предвидени за поставување на урбана опрема рекламно информативни паноа-билборди бр.09-116/10 од 06.11.2025 година.**

## 5. ВРЕМЕ И МЕСТО НА ЈАВНО ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ:

Јавното отворање на понудите ќе се изврши по истекот на крајниот рок за доставување на понудите, на 18.02.2026 година во 12:00 часот.

## 6. ЈАВНО НАДДАВАЊЕ:

➢ Јавното наддавање ќе се одржи по евалуација на доставените понуди и во истото ќе можат да учествуваат понудувачите кои ги исполниле условите предвидени во овој оглас.

➢ **Јавното наддавање ќе започне на ден 20.02.2026 година со почеток во 10:00 часот.**

➢ **Јавното наддавање ќе се одвива во една од просториите на главната општинската зграда.**

➢ **Предмет на јавното наддавање ќе биде конечната годишна цена.**

➢ Јавното наддавање ќе се спроведе со прибирање на нови повисоки понуди од првичните, во затворени пликови, во три последователни круга.

➢ За избрани ќе се сметаат најповолните понудувачи кои понудиле највисоки цени за секоја група на локации поединечно.

## 7. ОБВРСКИ НА НАЈПОВОЛНИОТ ПОНУДУВАЧ:

Најповолниот понудувач во рок од 10 (десет) дена од склучувањето на Договорот, има обврска да достави по 3 (три) проекти-комплет со статичка пресметка на рекламните паноа (билборди) кои се услов за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема.

Приклучокот за користење на електрична енергија, најповолниот понудувач самостојно го регулира со ЕВН Македонија.

Најповолниот понудувач не смее неовластено да изврши приклучок на јавното улично осветлување.

Плаќањето на годишната закупнина за издадената група на локации ќе се врши врз основа на доставена фактура од страна на општина Битола.

Плаќањето на закупнината најповолниот понудувач е должен да го изврши во рок од 10 дена од денот на склучување на договорот.

Плаќањето на комуналната такса ќе се регулира согласно Законот за комунални такси и Одлуката од Советот на општина Битола.

Најповолниот понудувач е должен да постави ознака на билбордот на која ќе биде наведено името/називот на најповолниот понудувач, адресата и телефонски број за контакт.

## 8. ЗАДОЛЖИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА/ЕЛЕМЕНТИ НА ПОНУДАТА КОЈА ТРЕБА ДА СЕ ПРИЛОЖИ:

- Финансиска понуда со наведување на групата на локации за која е заинтересиран
- Тековна состојба издадена од Централен регистар на РСМ
- Изјава за давање согласност за користење и обработка на личните податоци на понудувачот и одговорното лице на понудувачот (заверена кај нотар);
- Изјава за прифаќање на условите од Јавен оглас бр.01/2026 за добивање право за поставување на рекламни паноа- билборди (заверена кај нотар);
- Потврда дека не е во постапка за стечај издадена од Централен регистар на РСМ;
- Потврда дека не е во постапка за ликвидација издадена од Централен регистар на РСМ;
- Фотокопија од лична карта на управителот;

**9.ПОСТАПКА ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ЈАВНО ЕЛЕКТРОНСКО НАДДАВАЊЕ:**
По завршувањето на постапката Комисијата доставува предлог до Градоначалникот на Општина Битола, за избор на најповолен понудувач со предлог за склучување на Договор за краткотраен закуп.
Градоначалникот на Општина Битола донесува решение за избор на најповолен понудувач и склучуваат договор во кој покрај начинот на плаќање на постигнатата цена, посебно се утврдуваат правата и обврските на договорните страни.
Доколку најповолниот понудувач се откаже од склучувањето на договорот, истиот ќе биде склучен со следниот рангиран понудувач за соодветните локации.
Договорот со најповолниот понудувач се потпишува во рок од 15 дена по правосилноста на решението за избор на најповолен понудувач.

**10.НАЧИН НА ДОСТАВА НА ПОНУДАТА:**
Понудата да биде доставена во затворен коверт, на кој во левиот горен агол ќе стои „не отворај" и бројот на огласот.
Понудата се доставува лично во архивата на општина Битола или со препорачана пошта на следнава адреса: ул.Булевар 1ви Мај'' бр.61; 7000 Битола.

**Пример за адресирање на плик за достава:**

| | |
|---|---|
| **''НЕ ОТВОРАЈ''**<br>**'Да не се отвора пред 18.02.2026 година (среда), пред 12:00 часот''**<br>**Оглас бр. 01/2026** | **Општина Битола**<br>**Оглас бр. 01/2026**<br>**Комисија за спроведување на оглас за доделување на правото за поставување на билборди**<br>**Ул.''Булевар 1ви Мај'' бр.61**<br>**7000 Битола** |

**Некомплетната понуда нема да биде предмет на разгледување од Комисијата.** Рок на доставување на понудата е од денот на објавувањето на огласот па се' до 18.02.2026 година (среда) до 12:00 часот.
**Општина Битола нема никаква одговорност за ненавремена достава на понудата.**
На денот на отворањето на понудите треба да презентираат документи за идентитет и тоа:
- Лична карта од овластено лице на правното лице- понудувач;
- специјално полномошно заверено на Нотар;

**Комисија за спроведување на оглас за доделување на правото за поставување на билборди**

**Зоран Кочински - Претседател**___________

**Пеце Петровски – Член** ___________

**Стефан Стојанов- Член**___________

**Бојана Филевски- Член**___________

**Горан Бурески- Член**___________

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Тони Коњановски**
___________________________


СТАРА КАСАРНА
ТИТОВО БРДО
ТЕПСИЈА
1
2
3
4